Економски совет
Општина Штип
Број 09 -сл
01.09.2015 година
Штип

# ЗАПИСНИК

Од **осмата седница** на Економскиот совет на Општина Штип, одржана на ден **01 септември 2015 година**, со почеток во **10.00 часот**.

На седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Штип, Прим. м-р Илчо Захариев - претседател на Економскиот совет, членовите на Економскиот совет, раководителот на одделение за поддршка на градоначалникот на Општината Штип, Снежана Санева, советник на градоначалникот Нада Нацинска и записничар Маријана Трајкова.

Со седницата раководеше градоначалникот Прим. м-р Илчо Захариев, претседател на Економскиот совет на Општина Штип.

Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип на дневен ред ги предложи следниве точки:

1. Иницијатива од членовите на Економскиот совет за урбанистичка промена за развој на градот Штип;
2. Иницијатива за донирање на средства за промена на фасадите на зградите во централното градско подрачје;
3. Иницијатива за донирање на клупи кои ќе бидат поставени на повеќе локации во градот Штип;
4. Разно;

Членовите на Економскиот совет едногласно **(10-за)** го усвоија следниот:

## Дневен ред

1. Иницијатива од членовите на Економскиот совет за урбанистичка промена за развој на градот Штип;
2. Иницијатива за донирање на средства за промена на фасадите на зградите во централното градско подрачје;
3. Иницијатива за донирање на клупи кои ќе бидат поставени на повеќе локации во градот Штип;
4. Разно;

**Точка 1 од дневниот ред** – Иницијатива од членовите на Економскиот совет за урбанистичка промена за развој на градот Штип;

Воведно образложение по точка 1 од дневниот ред даде претседателот на Економскиот совет на Општина Штип, прим. м-р Илчо Захариев. Ги информираше присутните дека развојот на градот Штип е првенствена задача на локалната самопуправа, а и на сите чинители на бизнис заедницата, па во таа насока ја подржуваме оваа иницијатива. Во најкраток можен рок ќе започнеме со подготовки на промена на урбанистичките планови со предвидување на нови локации за инвестирање пред се на локалните, а понатаму и на странските инвеститори. Ги информираше присутните дека ќе вложи максимални напори за реализација на оваа иницијатива со цел побрз и подобар развој на градот.

Членовите на Економскиот совет ја дадоа својата подршка за реализација на оваа иницијатива.

**Точка 2 од дневниот ред –** Иницијатива за донирање на средства за промена на фасадите на зградите во централното градско подрачје;

Воведно образложение по ова точка даде советникот на градоначалникот Нада Наџинска која ја истакна потребата од промена на ликот на градот. Бидејќи во централното градско подрачје се претежно стари згради со оштетена фасада, а можностите на станарите во истите се многу мали за тие самите да ги обноват оштетените фасади, затоа Општината Штип ја дава оваа иницијатива до бизнис заедницата за заеднички да се помогне во разубавување на ликот на градот во централното градско подрачје. Целта е да се подобри сликата за град Штип што би привлекло повеќе посетители, а акцент се става на потенцијалните инвеститори.

Збор по оваа точка зеде членот на Економскиот совет Александар Патраклиски кој ја поддржа оваа иницијатива и кажа дека навистина има потреба од разубавување на ликот на градот, а свесни дека ни Општината ни станарите се во можност тоа да го реализираа даде препорака до сите членови на Економскиот совет едногласно да ја поддржат оваа иницијатива и да донираат средства за оваа намена. Даде предлог сите присутни да ја прошират оваа иницијатива до останатите членови на бизнис заедницата и сите со свои средства да помогнат санирање на оштетените фасади на зградите.

Иницијативата беше поддржана од страна на членовите на Економскиот совет.

**Точка 3 од дневниот ред –** Иницијатива за донирање на клупи кои ќе бидат поставени на повеќе локации во градот Штип;

Образложение по точка 3 од дневниот ред даде претседателот на Економскиот совет на Општина Штип, прим. м-р Илчо Захариев кој ја истакна потребата од заедничка соработка помеѓу локалната самоуправа и бизнис заедницата. Соработката е повеќе од потребна за заеднички

просперитет на градот. Имено, потребата од ова иницијатива произлезе токму од заедничката соработка со бизнис заедницата, па така да секој да направи нешто за градот, како на пример да одвои малку средства за набавка на клупи кои ќе бидат поставени на повеќе локации во градот. Ги замоли присутните да излезат во пресрет на граѓаните, а посебно старите лица кои имаа потреба од клупи за одмор, кои би биле поставени на најфрекфентните улици, парковите и пред институциите во градот.

**Точка 4 од дневниот ред-** Разно;

Под точка разно се отвара дискусија за наредни теми кои би се дискутирале на наредната седница на Економскиот совет.

Седницата заврши во 11.30 часот.

Економски совет на Општина Штип
Претседател
Градоначалник на Општина Штип
Прим.м-р Илчо Захариев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП
ШТИП

Записничар
Маријана Трајкова